**Барање 23-7537**

1. Податок за Филис Вејселов роден                         година , од Кавадарци кој тврди дека му изгорела куќата во пожар пред околу 13-тина години колку што и живее на улица, а не добил обештетување од општината.
2. Кои се причините зошто не е обештетен, дали можеби станувало збор за дивоградба , дали поднел барање за легализација?
3. Доколку станува збор за дивоградба во којашто дошло до пожар, во таков случај како постапува општината?
4. Дали се обраќал до општината, со какви барања и како одговорила општината на неговите барања?
5. Други податоци во врска со лицето кои можете да ги споделите со нас, со цел да ја утврдиме вистинитоста на неговото кажување како што се : неговата сопруга починала, има син, зема цосијална пензија...

**Одговор 23-7537**

1. Во однос на прашањето кое не е конкретно прецизирано во врска со годината, т.е. “пред околку 13-тина години”, според евиденцијата и информациите со кои располага Општина Кавадарци, лицето Филис Вејселов не поднел барање за еднократна финансиска помош за опожарена куќа, а врз основа на тоа неможел да добие некакво обештетување.
2. Лицето Филис Вејселов не поднел барање за обештетување за опожарена куќа и нема поднесено барање за легализација на бесправно изграден објект.
3. Општина Кавадарци доделува еднократна парична помош, врз основа на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош со арх.бр. 08-2068/1 од 29.04.2011 година, Правилник за измена и дополнување бр. 11-1798/1 од 30.03.2018 год. и Правилник за измена и дополнување со арх.бр.08-326/8 од 31.01.2019 год., каде се објаснети условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна финансиска помош за физички лица. Правилниците Ви ги праќам во прилог.
4. Лицето Филис Вејселов се обраќал до општината со барања за еднократна финансиска помош за егзистенција или лекување, а врз основа на истите му се одобрувани и му се исплаќани финансиски средства на трансакциона сметка.
5. Општината не раслолага со информации за неговото семејство и дали зема социјална пензија, меѓутоа за неговата состојба можете да се обратите во Центарот за социјална работа при Општина Кавадарци